

# ИЗВЕШТАЈ од одржаниот Стручен семинар за примена на методот ДИГИТАЛНА МАНИПУЛАЦИЈА

***Во периодот од** 13-14.11.2015 година**, во Скопје од страна на Сојузот на дефектолози на Република Македонија** се одржа стручен семинар за логопеди, за примена на методот - **Дигитална Манипулација.***

***Методата Дигитална манипулација е активен пристап во процесот на гласовно добивање, преку поставување на мобилните говорни органи во положба за изговор. Оваа метода има примена кај сите развојни и органски потврдени состојби на патолошки говор.***

***Реализатор на стручниот семинар беше Кабинетот за глас, говор и слух „ВеРа“ од Белград. Оваа институција се занимава со логопедска практика уште од нејзиното основање во 1996 год., додека со научно наставна дејност од 2002 год., кога е избрана за наставна база на додипломските и специјалистичките студии по логопедија на Дефектолошкиот и Медицинскиот факултет во Белград.***
***Предавачи на семинарот беа Г-дин Ранко Вуковиќ ( логопед, автор на методата) и Спец. Д-р Весна Вуковиќ (детски психијатар)***
***На семинарот учествуваа 18 логопеди и дефектолози и истите добија сертификат за работа по оваа метода.***

***СО ПОЧИТ,***
***СОЈУЗ НА ДЕФЕКТОЛОЗИ***
***НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***